Здружение на граѓани
на родители на деца со посебни потреби
РЕСУРСЕН ЦЕНТАР
Бр. 0 52/25
09.11. 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 18 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010 и 135/2011), Собранието на Здружение на граѓани „Ресурсен Центар на родители на деца со посебни потреби- Скопје" во Скопје, на седницата одржана на 08.11. 2025 , го донесе/усвои следниов пречистен текст на

# СТАТУТ
## на Здружение на граѓани „Ресурсен Центар на родители на деца со посебни потреби" во Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Здружението на граѓани „Ресурсен Центар на родители на деца со посебни потреби" во Скопје (во понатамошен текст: Здружението) е здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните, заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања, како и заради вршење на дејности и активности за промоција и заштита на човековите права и слободи, меѓуетничката соработка, со посебен осврт кон правата на лицата со посебни потреби и развивање и унапредување на начините на меѓусебната комуникација меѓу луѓето, базирани врз овие права.

Здружението е организација која е иницирана од родители и водена од родители и која примарно се бави со давање на услуги и сервиси на други родители и нивните деца.

**Член 2**

Здружението е невладина, непрофитна, неполитичка и нерелигиозна организација.

**Член 3**

Полниот назив на Здружението е Здружение на граѓани "РЕСУРСЕН ЦЕНТАР на родители на деца со посебни потреби " во Скопје, а кратенката на називот е РЕСУРСЕН ЦЕНТАР Скопје.

Здружението има својство на правно лице со свое седиште, печат и штембил.

Седиштето на Здружението е во Скопје, ул. Васко Карангелевски бр.33 Скопје.

Печатот на Здружението ги содржи целосниот назив на Здружението и неговата кратенка.

Штембилот на Здружението ги содржи целосниот назив на Здружението и неговата кратенка.

**Член 4**

Здружението се организира и делува на територијата на Република Македонија, а ќе аплицира и прифаќа проекти што би се реализирале и надвор од територијата на Република Македонија, а своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со односите уредени со Уставот на Република Македонија, со други законски норми кои регулираат материја од оваа област и со овој Статут.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА
СКОПЈЕ-бр.6
ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT
SHKUP-nr.6
REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**Член 5**

Здружението својата работа ја заснова врз основа на принципите на независност, јавност и транспарентност и слободно ги промовира своите ставови и мислења, поведува иницијативи и учествува во градење на јавно мислење и креирање на политики.

## II. ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И НАЧИН НА НИВНОТО ОСТВАРУВАЊЕ

**Член 6**

Основната цел на Здружението е поддршка, помош, достап до информации и систем на застапување за сите деца и лица со посебни потреби и нивните семејства.

Визијата на Здружението е инклузија на децата и лицата со посебни потреби во сите сфери на заедницата, подигање на свеста на заедницата и прифаќање на децата и лицата со посебни потреби и воспоставување на систем на ефективна здравствена заштита за децата и и лицата со посебни потреби.

Мисијата на здружението е да се етаблира како коалиција и да партиципира во сите платформи и коалиции кои се во интерес на децата и лицата со посебни потреби, која ќе ги обедини сите релевантни организации во Македонија кои се бават со проблематиката на децата со посебни потреби и која ќе овозможи гласот на овие организации и гласот на сите заинтересирани поединци да биде посилен и по пробивен.

Задачи на здружението се:

- Воспоставување на систем за проактивна комуникација со семејствата на деца со посебни потреби;
- Обезбедување систематизирани информации за родителите на деца со посебни потреби;
- Организирање обуки и помош за родителите на деца со посебни потреби во постапките поврзани со застапување на интересите на нивните деца со посебни потреби;
- Организирање обуки за едукатори, доктори и родители на деца со посебни потреби;
- Психолошка поддршка и организирање на обуки за самопомош за родители на деца со посебни потреби;
- Обезбедување поширок пристап до третмани за деца со посебни потреби;
- Застапување на инклузија;
- Подигање на свеста на јавноста за нешта поврзани со децата со посебни потреби;
- Соработка со организации од сличен вид и
- Подобрување на квалитетот на живеење на децата со посебни потреби и нивните семејства.

Здружението ќе ги остварува целите и задачите преку следните активности:

А) Создавање и одржување на бази на податоци;

Б) Пружање информации и поддршка и подигање на свеста на јавноста за нешта поврзани со децата со посебни потреби;

В) Изработка и одржување на интернет страница со информативен материјал и тековни информации, Фејсбук и Твитер комуникации;

Г) Воспоставување на систем на проактивна комуникација со семејствата со деца со посебни потреби (преку родители-активисти и волонтери);

Д) Соработка со организации од сличен вид;

Ѓ) Други активности кои се изведуваат со директно учество на родителите и преку експерти и

Е) Соработка со институции и други државни органи.

Ж) Давање на социјални услуги во заедницата согласно Законот за социјална заштита

З) Ресурсен центар има регистрирано тринаесет подружници, Здружение на граѓани РЕСУРСЕН ЦЕНТАР Скопје, Подружница Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби 1 -Подружница Гостивар ; Здружение на граѓани РЕСУРСЕН ЦЕНТАР Скопје, Подружница Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби 2 - Подружница Битола; Здружение на граѓани РЕСУРСЕН ЦЕНТАР Скопје, Подружница Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби 3 - Подружница Велес; Здружение на граѓани РЕСУРСЕН ЦЕНТАР Скопје, Подружница Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби 4 - Подружница Скопје; Здружение на граѓани РЕСУРСЕН ЦЕНТАР Скопје, Подружница Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби 5 – Подружница Кочани; Здружение на граѓани РЕСУРСЕН ЦЕНТАР на родители на деца со посебни потреби Скопје, Подружница Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби 6 - Подружница Крушево; Здружение на граѓани РЕСУРСЕН ЦЕНТАР на родители на деца со посебни потреби Скопје, Подружница Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби 7 – Подружница Прилеп; Здружение на граѓани РЕСУРСЕН ЦЕНТАР на родители на деца со посебни потреби Скопје, Подружница Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби 8 - Подружница Демир Хисар; Здружение на граѓани РЕСУРСЕН ЦЕНТАР на родители на деца со посебни потреби Скопје, Подружница Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби 9 - Подружница Свети Николе; Здружение на граѓани РЕСУРСЕН ЦЕНТАР на родители на деца со посебни потреби Скопје, Подружница Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби 10 - Подружница Кавадарци; Здружение на граѓани РЕСУРСЕН ЦЕНТАР на родители на деца со посебни потреби Скопје, Подружница Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби 11 – Подружница Неготино; Здружение на граѓани РЕСУРСЕН ЦЕНТАР на родители на деца со посебни потреби Скопје, Подружница Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби 12, - Подружница Валандово; Здружение на граѓани РЕСУРСЕН ЦЕНТАР на родители на деца со посебни потреби Скопје, Подружница Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби 13 – Подружница Гевгелија и Здружение на граѓани РЕСУРСЕН ЦЕНТАР на родители на деца со посебни потреби Скопје, Подружница Ресурсен центар на

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА
СКОПЈЕ-бр.6
ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT
SHKUP-nr.6

родители на деца со посебни потреби 14 – Подружница Кичево со шифра на дејност 94.99 Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место.

И) Ресурсен центар, како дополнителна дејност ја има и шифрата на дејност 88.99 – Останати дејности на социјална заштита без сместување, не спомнати на друго место. Дополнителната дејност е запишана врз основа на решение на МТСП и во согласност со Законот за социјална заштита.

Ј) Ресурсен центар, како дополнителна дејност ја има и шифрата на дејност 85.59 - Образование не спомнато на друго место, согласно Законот за образование, кое вклучува образование за возрасни, односно РЦ е Провајдер за обука и едукација на возрасни од областа на социјални услуги и друго.

**Член 7**

Работата на здружението е јавна.
Јавноста во работењето се остварува пред се преку транспарентно објавување на статути и другите акти на Здружението во согласност со статутот на Здружението.
Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите, други здруженија/НВО и поширoката јавност за работењето и активностите на Здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на Здружението, за материјално -финансиско работење и друго.
За информирањето на Членовите и поширoката јавност се користи печатот, радиото, телевизијата како и други електронски медиуми.

## III. ЧЛЕНУВАЊЕ

**Член 8**

Членувањето во Здружението е доброволно и неформално .
Член на Здружението може да биде секое физичко лице, без разлика на неговата национална, расна или верска припадност.

**Член 9**

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ-бр.6 REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT SHKUP-nr.6

Податоците на членовите на Здружението се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.
Здружението ја гарантира анонимноста на личните податоци на членовите кои тоа го побарале.

**Член 10**

Членовите на Здружението имаат права и одговорности согласно одредбите на овој Статут и позитивни законски одредби.
Секој член на Здружението ги има следните права и обврски:

- Да избира и да биде избран во органите на Здружението;
- Да предлага решавање на прашања од заеднички интерес;
- Да работи на развивање и унапредување на општествените и другите активности кои произлегуваат од статутот, програмските цели и задачи и од усвоените одлуки и заклучоци;

Секој член на Здружението ги има следните права и обврски:

- Да земе активно учество во спроведување на програмата и активностите на Здружението преку редовно присуство на состаноци;
- Да ги спроведува во целост одредбите од Статутот и програмските активности на Здружението;
- Да ги застапува интересите и ставовите на Здружението;
- Да постапува во согласност со општо важечките морални и етички принципи и
- Да не дискриминира по ниту еден основ.

**Член 11**

Секој член може доброволно да истапи од Здружението.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

**Член 12**

Здружението остварува средства на доброволна основа од: доброволни прилози, донации, проектни спонзорства, Буџетот на Република Македонија и буџетите на локалната самоуправа, провизии од органи, организации, заедници и од други услуги, од трговски друштва, услуги поврзани со имотот на Здружението и од други услуги.

**Член 13**

Користењето и располагањето со средствата на Здружението добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и позитивните законски норми.

**Член 14**

За користење и располагањето со средствата одлучуваат органите на Здружението, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, а кои преземаат мерки за економско целесообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

**Член 15**

Здружението поднесува годишна завршна сметка за приходите и расходите на Здружението.
Завршната сметка ги прикажува реализираните приходи, како и спецификација на потрошените средства по сите основи.

**Член 16**

Здружението има своја жиро сметка.

## V. УПРАВУВАЊЕ СО ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 17**

Со Здружението организирано управуваат членовите на Здружението непосредно преку Собранието на Здружението или преку свои претставници во органите на здружението, пред се во Управниот одбор на Здружението.
Органи на Здружението се:
1.Собрание
2. Управен одбор
3. Претседател
4. Потпретседател, односно заменик на претседател.

**Собрание на здружение**
**Член 18**

Собранието (во натамошниот текст : Собрание) е највисок орган на Здружението и го сочинуваат сите членови на Здружението.
Собранието има советодавна улога и претставува структура која ќе дискутира за релевантни прашања и ќе воспостави комуникација меѓу различните заинтересирани страни (составено од родители, експерти, претставници од цивилното општество и претставници на државните институции релевантни за областа).

**Член 19**

Собранието работи на седници.
Собранието се состанува редовно еднаш годишно.
Секој член на Собранието има право на еден глас, а гласањето е тајно.

**Член 20**

Собранието може да го свикуваат најмалку 3 (три) члена на Здружението и/или Претседателот на Здружението.

Свикување на Собранието се врши со испраќање на покана по маил на секој член на Здружението или со објава на web страната на Здружението, што се смета за уредно доставена покана.
Собранието може да работи и одлучува, доколку се присутни најмалку половина од членовите на Собранието.
Одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието.

**Член 21**

Надлежност на Собранието е да:
- донесува статут на Здружението, врши измена и дополнување на истиот, освен на непроменливи одредби;
- донесува програма на Здружението и ги усвојува програмските ориентации за работа на Здружението за период од 4 години, операционализирани во годишните програми;
- одлучува за промените на целта на Здружението;
- одлучува за внатрешната организација и организациони форми на органите на Здружението;
- избира и разрешува членови на органите;
- расправа за постигнатите резултати од развојот на здружението и дава насоки за натамошен развој на здружението;
- одлучува за престанок на Здружението со мнозинство гласови од присутните членови на Здружението
- донесува одлуки, заклучоци и препораки за решавање на прашањата од интерес на Здружението и посебно за формирање на негови ограноци
- основа органи и други советодавни тела
- врши и други работи во согласност со статутот и актите на Здружението.

**Управен одбор**
**Член 22**

Управниот одбор (во понатамошниот текст: Одборот) е работодавен орган на Здружението во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на здружението во согласност со Статутот.
Одборот го сочинуваат 7 (седум) членови.
Членовите на Одборот ги избира Собранието, со мнозинство гласови од бројот на членови присутни на Собранието. Во случај на престанување на функцијата на член на Одборот од било кои причини, во рок од 30 дена од денот на престанокот се свикува Собрание на кое се избира нов член на Одборот.

**Член 23**

Кандидат за член на Одборот можат да предложат најмалку три члена на Собранието. Доколку не се избере потребниот број на членови на Одборот, постапката за избор на непополнетите места во Одборот се повторува во рок не подолг од два месеца.
Измените за бројот на членовите на Одборот ги утврдува Собранието.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ-бр.6
REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT SHKUP-nr.6

Членовите на Одборот се членови на Собранието на Здружението.
Мандатот на членовите на Одборот е 4 (четири) години, со право на реизбор.

**Член 24**

**Надлежности на Одборот се :**

- ги подготвува, утврдува и спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението, како и одлуките и заклучоците на Собранието;
- донесува и реализира годишна програма за работа;
- предлага измени и дополнувања на Статутот;
- донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;
- одобрува мислење/оценка како прв чекор во дефинирањето на проектот и дали истото е во согласност со целите и задачите на Здружението како и бара потенцијални донатори за негова реализација;
- одредува раководители на проектите, донесува одлука за аплицирање, ги усвојува апликациите, договорот со донаторот и извештајот, редовно го следи и насочува реализирањето за секој проект кој го реализира Здружението;
- подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа ;
- усвојува извештаи, анализи и други документи кои произлегуваат од активностите на Здружението;
- на конститутивната седница на Одборот предлага кандидати и врши избор на Претседател на Здружението од своите редови;
- одлучува за задржување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- свикува седници на Собранието и подготвува материјали;
- управува и одговара за управувањето со имотот на Здружението;
- донесува одлуки за формирање на постојни и повремени комисии и органи, и ја насочува нивната работа;
- организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации;
- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- донесува одлуки за набавка и отуѓување на основните средства;
- дава согласност на Правилникот за организација на работите и работните задачи и надоместоци на стручната служба на Здружението ;
- одлучува во втор степен по приговори и жалби;
- врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот.

**Член 25**

Одборот работи и одлучува на седници, кои се одржуваат најмалку два пати во текот на календарската година, а по потреба Претседателот или било кој член на Одборот може да свика седница на Одборот, со прецизно наведување на причината за нејзиното свикување.
Редовните седници на Одборот ги свикува и со нив раководи Претседателот или во негово отсуство потпретседателот, односно заменикот.
Седниците се свикуваат со испраќање на покана на маил адреси на членовите на Одборот.
Одлуките на Одборот се донесуваат со мнозинство гласови од членовите на Одборот.
Одборот за својата работа е одговорен пред Собранието на здружението.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА
СКОПЈЕ-бр.6
ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT
SHKUP-nr.6
REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

**Претседател**
**Член 26**

Претседателот е законски застапник на Здружението. Тој го претставува Здружението во односите со трети лица.
Претседателот е полноправен член на Собранието и на Одборот, и е одговорен за спроведувањето на Статутот, одлуките, ставовите и политиките на Собранието и Одборот на Здружението.

**Член 27**

Предлог за избор на претседател можат да поднесат најмалку двајца членови на Одборот.
Претседателот, по правило се избира на конститутивна седница на Одборот или на седница по оставка, разрешување или друга неможност за вршење на функцијата на претседателот.
На седницата треба да присуствуваат повеќе од половина членови.
Мандатот на Претседателот 4 (четири) години, со можност за реизбор.

**Член 28**

Претседателот ќе биде разрешен:
-поради делување спротивно на Статутот, Програмата и актите на Здружението;
- поради било која друга причина заради која е спречен да ја извршува функцијата претседател.
Предлог за разрешување на Претседател можат да поднесат најмалку 2 (двајца) членови на Управниот Одбор, а одлуката за неговото разрешување се носи со мнозинство од гласовите на членовите на Одборот.

**Потпретседател**
**Член 29**

Потпретседателот е заменик на Претседателот.
Потпретседателот го заменува Претседателот и управува со здружението во случај на отсуство на Претседателот како и ги води седниците на Одборот.
Потпретседателот има мандат од 2 (две) години.
Потпретседателот ја извршува функцијата Претседател на здружението до нов избор на Претседател.
Во случаите кога има индиции дека постои конфликт на интереси кои го спречуваат Претседателот да влезе во одреден правен однос или да преземе друго дејствие, Потпретседателот, по претходно добиено одобрение од УО, може да го замени Претседателот и влезе во правен однос или преземе друго дејствие во име на здружението.

## ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО – РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

**Член 30**

Здружението ќе престане со работа ако настапат причини утврдени во член 63 од Законот.
Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

**Член 31**

По престанок на работата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, со одлука ќе се распределат на други здруженија со слични цели, задачи и активности.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 32**

Право на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на Здружението, а помеѓу две собранија, Одборот на Здружението.

**Член 33**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за негово донесување.

**Член 34**

Овој Статут, кој што има вкупно 34 члена како негов интегрален дел, го потпишува Претседателот на Здружението, а влегува во сила со денот на негово донесување.

Претседател
Радмила Цветковска